**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

# З А П И С Н И К

Од третата седница на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија, одржана на 22.10.2022 г., во Салата за одржување седници на Општина Гевгелија, со почеток во 15:00 часот.

Присутни: Кристијан Алчинов, Памела Петровска, Атанас Епов и Георги Петков како членови на ЛМС на ОГ и Марија Јовановска, Маргарита Делиџакова и Ангела Шаренкова како членови на ЛСМ на ОГ. Тијана Ристовска, заменик-претседателката на ЛМС, беше оправдано отсутна.

Седницата ја отвори и со неа заседаваше Кристијан Алчинов, претседателот на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија. По констатирањето дека се присутни мнозинство членови и има кворум за работа, претседавачот го прочита Предлог-Дневниот ред за работа на седницата:

1. Избор на записничар;
2. Усвојување на записникот од втората одржана седница на ЛМС;
3. Изработка на Предлог-Програма за работа на Локалниот младински совет на ОГ;
4. Разно.

Претседавачот отвори расправа по дневниот ред. Бидејќи немаше забелешки по истиот, го стави на гласање. Со 4 гласа за дневниот ред беше едногласно усвоен. По што се премина на работа по првата точка.

По отворената расправа, за записничар на оваа седница, од страна на Кристијан Алчинов беше предложена Памела Петровска. Бидејќи немаше други предлози, претседавачот го стави предлогот на јавно гласање и со 4 гласа за беше усвоен предлогот.

По изборот на записничар, беше отворена расправа по втората точка. Бидејќи никој не се јави за дискусија и со никакви забелешки, записникот од втората одржана седница на ЛМС беше ставен на гласање и со 4 гласа за усвоен.

По што се премина кон работа за третата точка. Претседателот отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за дискусии, Предлог-Програмата за работа на Локален младински совет на Општина Гевгелија за 2023 година ја стави на гласање и со 4 гласа за од членовите на ЛМС беше усвоена. Притоа, по нејзиното усвојување, претседателот Алчинов презеде обврска Програмата за работа на ЛМС на ОГ за 2023 година да ја поднесе како предлог до Советот на Општина Гевгелија, согласно рокот за доставување предвиден во Деловникот за работа на ЛМС.

Откако беше исцрпена дискусијата по 3 точка, претседателот отвори расправа по однос на 4 точка. Бидејќи никој не се јави за збор, беше затворена третата седница на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија

бр. 08-2019/6-1
23.12.2022 г.
Гевгелија

Претседател
на Локален младински совет
на ОГ,

**Кристијан Алчинов**
с.р.

Записничар,
**Памела Петровска**
с.р.

Членови на ЛМС на ОГ,

1. **Кристијан Алчинов с.р.**
2. **Тијана Ристовска с.р.**
3. **Атанас Епов с.р.**
4. **Памела Петровска с.р.**
5. **Георги Петков с.р.**